ОПШТИНА СТРУМИЦА

ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

2009 – 2010

март, 2009 година

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на конзорциумот GVG - Arbetsförmedlingen и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.

ПАРТНЕРСТВО
ЗА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

СОДРЖИНА:

ПРЕДГОВОР **5**
ИЗВРШНО РЕЗИМЕ *7*
Вовед *7*
Главни заклучоци од анализата на состојбите на локалниот пазар на труд *8*
Главни препораки од анализата *9*
Локална стратегија за вработување **9**
Главни насоки и приоритетни цели на акциониот план за вработување *9*
План за имплементација на целите *10*
Буџет за реализација на целите *10*
АНАЛИЗА НА ПАЗАР НА ТРУДОТ **11**
Промени и постојни состојби на побарувачката за работна сила **11**
Специфичности на локалниот економски развој *11*
Главни носители на вработеноста и профили на работодавачи *13*
Постојна побарувачка за работната сила и бараните занимања *14*
Промени и постојни состојби на понудата на работната сила **17**
Демографски карактеристики и работна сила *17*
Обем и структурни карактеристики на евидентираните невработени лица *19*
Прилив на нова работна сила *22*
Заклучоци и препораки **23**
Препораки *24*
АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ **25**
Во контекст на локален економски развој **25**
Насока 1: Да се подобри бизнис опкружувањето во Општина Струмица *26*
Во контекст на локалните политики за вработување **28**
Насока 2: Да се зголеми вработеноста во руралните средини *28*
Насока 3: Да се намали невработеноста преку создавање активни мерки за вработување *30*
Насока 4:Да се постигне вработлива мобилност *33*

План за имплементација **35**
Главни засегнати страни и партнери за имплементација *35*
Мониторинг и евалуација на акциониот план *40*
Главни претпоставки и ризици за имплементација на акциониот план *40*
Повеќегодишен финансиски план *40*
АНЕКСИ **43**
Логички рамки за секоја насока **44**
Финансиски табели **58**
Листа на изготвувачи на акциониот план **59**
Листа на документи **59**
Листа на користени кратенки **60**

ПРЕДГОВОР

Согласно Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) општините имаат право и обврска сами да го планираат економскиот развој и да преземаат активности за да ја подобрат економската иднина на граѓаните. Еден од горливите проблеми на подрачјето на општината Струмица е големата невработеност. За таа цел Општина Струмица во периодот од декември 2008 - март 2009 година изготви Локален акционен план за вработување за периодот 2009-2010 година. Тој е изработен во рамките на КАРДС Проектот – *Техничка помош за поддршка на политиките за вработување III* финансиран од ЕУ.

Со Локалниот акционен план за вработување на Општина Струмица се идентификуваат стратешките приоритети во областа на вработувањето и можностите за мобилизирање и искористување на сите расположливи ресурси за поттикнување на вработеноста во општината. За таа цел се формира Партнерството за подготовка на ЛАПВ на Општина Струмица од засегнати страни кои имаат интерес и можност да ја подобрат состојбата со вработувањето во општината. Партнерството е составено од претставници од Општина Струмица, Центарот за вработување, Центарот за социјални работи, Тренинг центарот, Работничкиот универзитет, Сојузот на синдикати, НВО-Организација на жени, НВО-Планетум, Инкубатор, Маби трејд-Дентина дооел, АД Единство и Регионалната комора на занаетчии. При изготвувањето на Локалниот Акционен план за вработување на Општина Струмица работната група се раководеше од:

- Стратегиските документи за развој на Општина Струмица: Платформата за развој на Општина Струмица (2007-2015) и Стратегискиот план за економски развој на Струмичкиот регион (2006-2011)
- Националната стратегија за вработување 2006-2010 и
- Националниот акционен план за вработување 2009-2010

Овој документ се состои од два дела. Во првиот дел, претставена е анализата на локалниот пазар на труд, при што се согледани промените и постојните состојби на побарувачката и понудата на работната сила. Во вториот дел, пак, презентирани се утврдените насоки и цели во областа на вработувањето и се предвидените активности и програми чија реализација треба да придонесе за намалување на невработеноста во Општина Струмица.

Од Партнерството

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Вовед

Локалниот акционен план за вработување на Општина Струмица се изготви за период 2009-2010 и тој ги идентификува стратешките приоритети во областа на вработувањето и можностите за мобилизирање и искористување на сите расположливи ресурси за поттикнување на вработеноста во општината.

Локалниот Акционен план за вработување на Општина Струмица е во согласност со:

- Стратегиските документи за развој на Општина Струмица: Платформата за развој на Општина Струмица (2007-2015) и Стратегискиот план за економски развој на Струмичкиот регион (2006-2011)
- Националната стратегија за вработување 2006-2010 и
- Националниот акционен план за вработување 2009-2010

Во негова изработка учествуваше Партнерство за ЛАПВ кои го сочинуваат засегнати страни кои имаат можност и интерес да ја подобрат вработеноста во Општина Струмица. Секој од својата област даде свој придонес во изнаоѓање на излезот од состојбите на невработеноста, со своите идеи и решенија за зголемување на вработеноста во општината.

Претставник на Општина Струмица:ги организираше работни состаноци и работилници, обезбеди редовното учество на партнерите, координирање на активности со КАРДС проектна канцеларија во Скопје и сите други активности за успешна реализација на целокупниот процес.

Агенција за вработување на РМ-Центар за вработување Струмица: ги обезбеди сите расположиви податоци и информации за состојбите на локалниот пазар на труд и спроведеното анкетно истражување меѓу работодавачите за анализа на потребите од вештини, врз основа на кои се дефинираа одредени карактеристики на локалниот пазар на труд.

Работнички универзитет и Тренинг Центар: учествуваа во целиот процес и благодарение на искуства што ги имаат се главните носители на активности во зголемување на капацитетите на невработените и нивно усогласување според потребите на пазарот на трудот.

Основна синдикална организација: ги стави на располагање сите податоци од направените досегашни истражувања, податоци за лицата од категориите стечајни работници и технолошки вишок.

Центар за социјални работи:обезбеди податоци за приматели на социјална помош

Бизнис преставници:Единство, Маби трејд-Дентина, Инкубатор, ги презентираа потребите на работодавачите за специфични профили и идентификување на потребите од одредени работни места

Регионална Комора на занаетчии ги презентираше податоци за занаетчиите, проблемите во ова гранка и можностите што постојат за зголемување на вработување во занаетчиството и самовработувањето.

Невладини организации: со своите искуства во акционото планирање обезбедија граѓанската партиципација во подготовката на Акциониот план, што го направија планот да е прифатлив и применлив.

Овој документ се состои од два дела. Во првиот дел, дадена е анализата на локалниот пазар на труд, при што се согледани промените и постојните состојби на побарувачката и понудата на работната сила. Во вториот дел, пак, презентирани се утврдените насоки и цели во областа на вработувањето и се предвидените активности и програми чија реализација треба да придонесе за намалување на невработеноста во општината Струмица.

Главни заклучоци од анализата на состојбите на локалниот пазар на труд

Од извршената Анализа на пазарот на трудот на Општина Струмица констатирани се следниве заклучоци:

- Струмичката економија се одликува со солидна и диверзифицирана економска структура која претставува солидна основа за нејзино натамошно проширување и зголемена апсорпција на работната сила. Истражувањето покажа дека во последните години се одвиваа неповолни промени во економската активност на компаниите, кои беа проследени со променлива и релативно мала побарувачка на работна сила. Евидентен е различниот интензитет на промени во зголемување на уделот на вработените во малите и средните компании во вкупно вработените (во моментот на анкетирањето) од 27,3% (2006) на 28,8% (2008 година), односно од 32,9% на 37,6%, а намалување на уделот на вработените во големите претпријатија од 39,8% на 33,6%.
- Во Општина Струмица има 11270 евидентирани невработени лица, што преставува 3,2% од вкупно невработените во земјата, а чија структура според местото на живеење, возраста, степенот на образование и времетраењето на невработеноста може да се оцени како мошне неповолна.
- Иако учеството на невработените од градските подрачја е доминантен, скоро три петини(58,9%), бројот на невработените од руралните подрачја(41,1%) може да се оцени како мошне голем од аспект на можностите за нивно вработување.
- Во старосната структура на невработените со најголемо учество се издвојуваат младите невработени лица до 29 години со 31,9% од кои неквалификувани и полуквалификувани се 57,3% (2060лица).
- Според степенот на образование приближно три петтини од евидентираните невработени лица во општината Струмица се неквалификувани и полуквалификувани лица.
- Според времето на чекање две петтини од невработените лица во Општина Струмица се невработени 8 и повеќе години
- Од 2002 година општината се наоѓа во стадиум на демографска старост. Но, со оглед на релативно побавниот процес на стареење на населението и специфичната старосна структура, во наредните години општината се уште ќе се соочува со релативно голем прилив на нови генерации во работоспособниот контингент, како демографска рамка од која се регрутира работната сила.

Главни препораки од анализата

Од претходно наведените заклучоци и идентификувани главни проблеми во вработувањето на општината, донесени се следните препораки како основа за дефинирање на долгорочните цели за Локалниот акционен план за вработување:

- Неопходно е создавање на претпоставки за поттикнување на побарувачката на работна сила, односно отворање на нови работни места со подобрување на бизнис климата
- Големиот број на невработени од руралните подрачја и немањето можности за нивно вработување, укажува на потребата за позабрзан развој во овие средини и создавање на претпоставки за поголема вработеност на расположивата работна сила.
- Со оглед на мошне неповолната образовна структура на невработените лица потребно е проширување на можностите за преквалификација, доквалификација, стекнување на вештини и нови знаења на работната сила, односно зајакнување на капацитетите на лицата коишто активно бараат работа, особено кај младите до 29 години, каде е и најголемо учеството со ниско образование.
- ***Стимулација за намалување на вработеноста на активните баратели*** кои подолго време чекаат работа и создавање поволни можности за искористување на сите расположиви законските олеснувања.

Локална стратегија за вработување

Општина Струмица во споредба со националните параметри (според податоците од Пописот на населението од 2002 година), покажа повисок степен на искористеност на работоспособното население, повисока стапка на вработеност, но сепак, и повисоко стапка на невработеност. Во Општина Струмица во последните години не беше забележан позначителен пораст на вработеноста. Сетоа тоа е како резултат на немање на слободни работни места, сеуште неповолните услови за вработување и неповолната структура на невработени. За намалување на невработеноста, неопходно е создавање а претпоставки за потикнување на побарувачката на работна сила. Од тие причини главните стратегиски насоки на општината во наредните две години се во насока за намалување на невработеноста преку подобрување на деловното опкружување и креирање на активни мерки за вработување во соработка со Министерството за труд и социјална политика и подрачната единица при Агенцијата за Вработување на РМ.

Главни насоки и приоритетни цели на акциониот план за вработување

Главните насоки на акциониот план за вработување од областа за локален економски развој кои придонесуваат за намалување на невработеноста и главните насоки за локалната политика за вработување кои се во согласност од препораките од анализата за пазар на труд се:

- Да се подобри бизнис опкружувањето во Општина Струмица
- Да се зголеми вработеноста во руралните средини
- Да се намали невработеноста преку создавање активни мерки за вработување
- Да се постигне вработлива мобилност

За секоја Насока од планот идентификувани се повеќе конкретни цели кои допринесуваат за постигнување на долгорочните цели, односно насоките на планот.

План за имплементација на целите

Целите на Акциониот план ќе се имплементирааат во период од две години и тоа од страна на одговорните институции/организации, а мониторинг ќе врши работната група која го изработува овој план. Работна група ќе дава годишен извештај за постигнатите резултати од тековните и завршените активности до Партнерството, Градоначалникот и Советот на општината

Буџет за реализација на целите

За целосно имплементирање на Акциониот план потребно е да се обезбедат неопходни финансиски средства и тоа од:

- Буџетот на општината
- Буџетот на Министерствата за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Министерство за економија
- Средства од странски донации, амбасади и меѓународни проекти
- Проекти и програми од Европска Унија - ИПА фондови

Вкупните средства за реализација на активностите се 393.800 ЕУР, а од Буџетот на Општина Струмица 56.875 ЕУР за 2009 и 2010 година. Детален приказ на буџетот на трошоците се прикажани во следната табела:

Насока	Вкупно	Од Општински буџет	Буџет на РМ / Министерства	Амбасади	ЕУ - ИПА	Учество од донатори / партнери	2009	2010
Да се подобри бизнис опкрузувањето во Општина Струмица	€49500	€10190	€19360	€2850	€0	€17100	€20550	€28950
Да се зголеми вработеноста во рурални средини	€36800	€14075	€4900	€2450	€10875	€4500	€13300	€23500
Да се намали невработеноста преку создавање на активни мерки за вработување (целна група до 29 год.НКВ)	€50800	€7600	€12150	€0	€31050	€0	€21750	€29050
Да се постигне вработлива мобилност	€256700	€25010	€52080	€0	€174950	€4660	€65325	€191375
Вкупно	€393800	€56875	€88490	€5300	€216875	€26260	€120925	€272875

АНАЛИЗА НА ПАЗАР НА ТРУДОТ

Промени и постојни состојби на побарувачката за работна сила

Специфичности на локалниот економски развој

Општината Струмица е лоцирана на крајниот југоисток на Република Македонија, веднаш под тромеѓето на меѓудржавните граници со Бугарија и Грција, на западниот дел од Струмичката котлина. Таа се наоѓа на надморска височина од 280 метри, а зафаќа површина од 321,87 км². Според состојбата во 2007 година општината Струмица имала 55679 жители во 25 населени места.

Местоположбата, односно пристапноста кон Општина Струмица е добра и тоа од повеќе правци. Магистралниот пат М6 североисточно ја поврзува општината со општините Радовиш и Ново Село до граничниот премин со Република Бугарија. Југозападно со регионалниот пат Р604 се поврзува со Општина Валандово и граничниот премин со Република Грција.

Специфичната географска и топографска положба на Општина Струмица ја карактеризираат две климатски зони: субмедитеранска, со поголемо или помало вкрстосување со источно-континенталната, долг период на сончеви денови (230) и со висок светлосен интензитет што позитивно влијае на фруктификацијата.

Во Општина Струмица се застапени сите сектори. Доминантно е учеството на индустријата со индустриските гранки: текстилна, дрвна и прехрамбена. Во постојан подем се металопребаротувачката и електро индустријата. Важна улога во локалниот економски развој имаат и големите стопански субјекти: фабриката за алкохолни и безалкохолни пијалоци, фабриката за преработка на тутун, фабриката за производство на санитарна керамика, фабриката за тули и рудникот за неметали.

Благодарение на местоложбата и близината на граничните премини со Бугарија и Грција, трговијата и услугите во Општина Струмица се многу развиени, додека расположивите поволни природни услови за земјоделие овозможија Струмица да е позната по раноградинарското производство. Извозот на земјоделски производи носи значаен девизен прилив, кој дава огромен придонес за развојот на струмичка економија.

Општина Струмица располага со 7583 ха обработлива површина во сопственост на индивидуалниот сектор, што претставува две третини (66%) од вкупната површина (обработлива и необработлива површина во сопственост на индивидуалниот сектор). Во низинскиот и централниот дел на Струмичката котлина најповеќе ги има алувијалните почви и како најплодни преставуваат еден од основните фактори за развој на земјоделското производство.

Ваквата почвена и бонитетна карактеристика влијае на начинот на користењето на земјиштето од страна на земјоделските субјекти. Климатските и почвените карактеристики и расположивите вештачки езера овозможуваат Општина Струмица да има погодни услови за одгледување на рани, среднорани и доцни градинарски култури за свежа кон-

сулмација и преработка. На површините погодни за земјоделско производство најмногу се одгледува: пипер, домати, краставици, зелка, компир и бостан. Застапено е оранжериско производство, а благодарение на расположивите термални извори во село Банско ова производство бележи постојан раст. Покрај градинарските застапени се и житните, индустриските и фуражните култури, што овозможува разновидна палета од земјоделски култури и производство, а со користење на системите за наводнување и повисоки и стабилни приноси.

Општина Струмица е една од ретките подрачја во Република Македонија која располага со термоминерален хидропотенцијал кој се наоѓа на околу 12 км југоисточно од градот Струмица, под планината Беласица, во непосредна близина на село Банско. Термоминералните извори на Бања Банско се значајни не само за развиено оранжериско производство, туку и за развој на банскиот туризам.

Можностите за локален економски развој во Општина Струмица се бараат во: организирање на современо земјоделско прозводство со организиран откуп на земјоделските производи, потоа во модернизација на постоечките индустриски капацитети и отварање на нови, како и во развојот на микро производствени капацитети кои ќе бидат пофлексибилни во поглед на преструктуирањето и прилагодувањето кон условите на пазарот и современиот техничко-технолошки развој.

Потенцијали за поттикнување на локалниот економски развој постојат во областа на туризмот благодарение на природното богатство што постои во Општина Струмица и тоа: термоминералните извори во село Банско, природните убавини и реткости (Габровски водопад), културно историските споменици и традиционалното организирање на културни манифестации (традиционалниот Струмички карневал, Фестивалот на камерен театар Ристо Шишков и други).

Насоките на идниот економски развој се идентификувани во Платформата за развој на Општина Струмица (2007-2015) и Стратегискиот план за економски развој на Струмичкиот регион (2006-2011). Од аспект на поттикнувањето на вработеноста значајно е да се имаат предвид четирите стратегиски цели утврдени со Стратегискиот план за економски развој до 2011 година и тоа:

Стратегиска цел 1:

- Да се освојат нови пазари преку организирано, стандардизирано и конкурентно производство на агро-индустриските производи
- Да се подобри организираноста на земјоделското производство и да се изгради доверба помеѓу земјоделските производители и институции
- Да се зголеми физичкиот обем на стандардизирани и финализирани земјоделски производи
- Да се зголеми годишната продажба на агро-индустриските производи на европските пазари

Стратегиска цел 2:

- Создавање и одржлив развој на алтернативен туризам, преку искористување и промоција на културно-историското наследство, природните убавини и реткости за креирање на богата и разновидна туристичка понуда
- Да се формираат здруженија на субјектите од туризмот од струмичкиот микро-регион и да се воспостават партнерски односи со други здруженија и асоцијации
- Подобрување на туристичката инфраструктура
- Да се анимира и промовира туризмот како профитабилен бизнис и креирање на богата и разновидна туристичка понуда

Стратегиска цел 3:

- Да се подобрат бизнис климата и можностите за инвестирање и заработка преку развојот и проширувањето на малите и средни претпријатија и на занаетчиството, со стимулирање на претприемничкиот дух за зголемување на индустриските капацитети, самовработувањето и вработувањето
- Да се олеснат околностите за вршење на стопанска дејност и подобрат условите за рентабилно работење
- Промоција на можностите за инвестирање
- Да се стимулира соработката помеѓу локалните фирми од приватниот сектор

Стратегиска цел 4:

- Врз основа на барањата на бизнисот, континуирано да се едуцираат, да се преквалификуваат и да се доквалификуваат човечките ресурси, со цел примена и следење на новите технологии
- Да се создадат услови за доквалификација и преквалификација на работната сила за потребите на бизнис секторот

Главни носители на вработеноста и профили на работодавачи

Според расположивите статистички податоци од Пописот од 2002, во Општина Струмица бројот на вработени изнесувал 15013 лица. Речиси една половина од нив биле ангажирани во секторите преработувачка индустија и земјоделство, лов и шумарство. Што се однесува на другите дејности релативно голем бил бројот на вработените во секторите трговија на големо и мало, поправка на моторни возила, мотоцикли и предмети за лична употреба и домаќинства, како и сообраќај, складирање и врски.

Податоците од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување покажуваат дека во 2008 година на територија на ПЕ Струмица (општините: Струмица, Ново Село, Босилово и Василево) имало 3259 фирми во кои биле вработени 15904 лица. Од нив 51,3% се вработени во малите фирми (до 25 вработени), а 46,9% во средните и големите фирми (со над 25 вработени). И покрај неспоредливоста на податоците од споменатите извори, неспорен е заклучокот дека во последните години во Општина Струмица не беше забележан позначителен пораст на вработеноста.

Главни носители на вработеноста во Општина Струмица се капацитетите од секторот индустрија. Од овој сектор најмногу застапена е текстилната индустрија, и тоа производство на лесна и тешка конфекција (претежно со лон систем), а водечки капацитети од ова индустриска гранка се: Единство, Герас Цунев, Хелматекс (претходна Струмичанка), односно капацитети со повеќедецениско постоење. Во постојан подем е металопребаботувачката и електро индустријата, а од дрвната индустрија постојат повеќе мали производствени капацитети за примарна и финална обработка на дрво, производство на мебел и столарија (Ников, Савело, Студио 2, Пирамида, Мебел 2000, Финеса, Дизајн 21, Ни Пром и други). Особено важно е да се спомне и фабриката за производство на санитарна керамика АД „Санкерам Македонија", која е единствен капацитет од ваков вид во Република Македонија, а од индустријата за градежен материјал, значајна улога има фабрика за производство на тули „Еленица". Во општината Струмица постои и развиената градежна оператива.

Општина Струмица располага со релативно развиена индустрија за преработка и повисока финализација на примарно земјоделско производство во која е ангажиран значителен дел од работната сила. Носители на вработеноста во оваа индустриска гранка се: кланиците (АД Кланица со ладилник) и конзумните млекарници (Јока, Боневи, Мак продукт), капацитетите за преработка на земјоделски производи (Маби трејд-Дентина, Агро комерц), фабриката за алкохолни и безалкохолни пијалоци(Грозд) и фабриката за

преработка и ферментација за тутун (Струмица табак). Застапена е и мелничко пекарската индустрија, во која водечки капацитети се: АД „Жито Струмица“, мелниците „Иво”, „Светлина промет” и „Кода трејд”. Од прехрамбената индустрија има повеќе занаетчиско слаткарски работилници, кои своите производи покрај на локалниот пазар ги пласираат и на националниот.

Производствените капацитетите покрај на домашниот, своите производи ги пласираат и на странскиот, првенствено европскиот пазар. Нивното идно работење, а со тоа и вработувањата во овој сектор зависат од надворешно трговските услови на странските пазари.

Трговијата и услугите во Општина Струмица се многу развиени. Бројни се друштвата кои се занимаваат со внатрешен и меѓународен промет на стоки и услуги (трговија на големо и мало, увоз и извоз, транспорт, шпедитерски и други услуги). Оттаму, овие сектори, исто така, се издвојуваат според бројот на вработените.

Во однос на главните носители на вработеноста и профилите на работодавачите релевантни податоци и информации дава анкетното истражување кое се спроведува во рамките на Анализата на потребите од вештини[1].

Во контекст на идентификувањето на потребите за нови вработувања значајно е да се имаат предвид досегашните и очекуваните промени во развојот на компаниите. Податоците од споменатото анкетното истражување на работодавачите покажуваат дека во периодот 2006-2008 година во работењето на претпријатијата (во претходните шест месеци) настанале одредени промени. Тие се манифестираат во намалување на бројот на компаниите каде е забележано опаѓање на побарувачката на производите/услугите или каде таа останала константна. Истовремено, речиси ист останува бројот на оние со зголемена побарувачка. Истражувањето потврдува дека во анализираниот период подинамични се малите и средните по големина компании (Прилог 1).

Во посматраните години слична тенденција на промени работодавачите очекувале и за наредните 6, односно 6-12 месеци. Последното анкетно истражување во 2008 година покажува дека во споредба со претходната година во наредните 6 месеци значително ќе се зголеми бројот на компаниите кои очекуваат намалување на побарувачка на производите/услугите, а ќе се намали бројот на оние со константна и зголемена побарувачка. Сличен тренд на промени работодавачите очекуваат и во наредните 6-12 месеци. Тоа значи дека во наредните 12 месеци во анкетираните фирми не може да се очекува подобрување на нивната економска активност, а со тоа и пораст на бројот на вработените.

Намалена економска активност во наредните 6, односно 6-12 месеци се очекува кај малите претпријатија. Пораст на бројот на компаниите кои очекуваат зголемена побарувачка на производите/услугите има кај средните и големите компании, кои апсорбираат најголем дел од ангажираната работна сила. Тоа значи дека од аспект на големината на компаниите и во наредната година подинамични ќе бидат средните по големина претпријатија.

Постојна побарувачка за работната сила и бараните занимања

Побарувачката на работната сила во Општина Струмица ја анализираме врз основа на податоците од споменатата Анализа на потребите од вештини во периодот 2006-2008 година, како и од сознанијата на стручната служба на Центарот за вработување Струмица. Со оглед на опфатот на претпријатијата во анкетното истражување во рамки-

[1] Анализата на потребите од вештини во АВРМ се спроведува од 2006 (како пилот истражување), односно како дел од редовните активности од 2007 година. Методологијата на оваа анализа е развиена во рамките на проектот Политика за вработување 2 - Техничка помош за институционална изградба. Станува збор за шведска методологија прилагодена на македонските услови, според која анализата на потребите на пазарот на труд базира на податоци и информации добиени со интервјуирање на примерок на работодавачи. Во примерокот се опфатени претпријатија од осум сектори (преработувачка индустрија, земјоделство, лов и шумарство, градежништво, трговија, хотели и ресторани, сообраќај, складирање и врски, финансиско посредување и недвижен имот и услужни дејности) кои имаат повеќе од 10 вработени.

те на Анализата на потребите од вештини може да се оцени дека таа дава релевантни информации за флуктуацијата на вкупниот број на вработени и нивната демографска структура, како и побарувачката на работната сила и бараните занимања и вештини на пазарот на трудот. Притоа, треба да се има предвид дека при анкетирањето во овој период е користен истиот примерок.

Вкупниот број на вработени во анкетираните претпријатија на подрачјето на Центарот за вработување Струмица, во периодот 2006-2008 година, осцилира и има тренд на намалување.

Посматрано по години податоците од анкетата покажуваат дека, во моментот на анкетирањето во споредба со состојбата во претходната година, во 2006 година тој е поголем за 2,4%, во 2007 е помал за 11,8%, а во 2008 година е поголем за 5,2% (Прилог 2). Ваквите осцилации во порастот на вкупниот број на вработени се условени од поизразените промени кај средните и големите претпријатија. Имено, показателите за порастот на бројот на вработените во моменот на анкетирање во споредба со состојбата од пред една година, покажуваат дека кај малите фирми тој е релативно мал и изнесува 2,2% (2006), 1,5% (2007) и 5,7% (2008 година). Кај средните по големина компании овие показатели респективно изнесуваат: 1,4%; -13,3%; 14,2%, а кај големите компании: -1,2%; 3,9%; -5,4%. Различниот интензитет на промени услови зголемување на уделот на вработените во малите и средните компании во вкупно вработените (во моментот на анкетирањето) од 27,3% (2006) на 28,8% (2008 година), односно од 32,9% на 37,6%, а намалување на уделот на вработените во големите претпријатија од 39,8% на 33,6%.

Според состојбата во 2008 година во анкетираните претпријатија во претходните 12 месеци биле вработени 3197 лица. Од вкупниот број на нови вработувања 80,6% отпаѓаат на средните, 10,5% на големите, а 8,9% на малите претпријатија. Најголем дел од новите вработувања (83,6%) отпаѓаат на преработувачката индустрија.

Во моментот на анкетирањето во претпријатијата од секторот преработувачка индустрија работеле 81,0% (2006), 75,9% (2007), односно 77,0% (2008) од вкупно вработените (Прилог 3). Ваквите промени се условени од помалиот пораст на бројот на вработените во овој сектор по 2006 година. Анкетното истражување покажува дека со релативно поголем пораст на вработените во 2006 се издвојуваат градежништвото и трговијата, во 2007 секторот трговија, а во 2008 година секторот ресторани/хотели.

Демографската структура на вработените во општината Струмица во посматраните години се карактеризира со одредени движења кои предизвикаа помали или поголеми промени во нивната структура според пол и старост (Прилог 4). Во однос на половата структура на вработените може да се констатира континуирано апсолутно и релативно намалување на жените. Притоа, учеството на мажите во вкупно вработените се зголеми од 46,4% (2006) на 52,5% (2008 година).

Што се однесува за структурата на вработените според старост забележливи се осцилации во апсолутните големини и релативните учества на младите до 29 години и вработените од возрасната група 30-54 години. Нивните учества во вкупно вработенитете во анализираниот период кај младите изнесува 33,8% (2006), 25,9% (2007), 29,3% (2008 година), а кај возрасната група 30-54 години 58,3%; 65,8% и 62,7%. Во сите посматрани години уделот на вработени постари од 55 години се движи околу 8%. Манифестираните промени во насока на намалување на бројот и уделот на младите работници имплицираат стареење на ангажираната работна сила.

Побарувачката на работната сила во анкетираните фирми во Општина Струмица има тренд на намалување. Според изјаснувањето на работодавачите бројот на очекувани нови вработувања во наредните 12 месеци од 322 лица во 2006 година се намалува на 277 лица во 2007 година (Табела 1). Во 2008 година тој бележи одреден пораст и изнесува 386 лица. Врз основа на податоците од анкетата и предвидувањето на бројот на новите

вработувања може да се констатира дека побарувачката е мошне мала и не може да придонесе за ублажување на проблемот на невработеноста.

Табела 1

Број на оекувани нови вработувања во наредните 12 месеци (анкета и предвидување), Општина Струмица

	Број на нови вработувања во наредните 12 месеци (анкета)			Број на нови вработувања во наредните 12 месеци (предвидувања)		
Дејност	**2006**	**2007**	**2008**	**2006**	**2007**	**2008**
Земјоделство	0	0	10	0	0	10
Преработувачка	260	241	302	270	336	332
Градежништво	38	0	33	38	5	33
Трговија	18	25	30	36	3	33
Ресторани/Хотели	6	11	9	7	4	9
Транспорт	0	0	2	1	1	2
Финансии	0	0	0	0	0	0
Недвижнини/услуги	0	0	0	0	0	0
Вкупно	**322**	**277**	**386**	**352**	**349**	**419**

Извор: АВРМ, Центар за вработување Струмица, Анкетно истражување за Анализата на потребите од вештини

Во трите посматрани години најголем дел од предвидените нови вработувања отпаѓаат на секторот преработувачка индустрија и тоа: 80,7% (2006), 93,1% (2007) и 79,2% (2008 година). Секторите градежништво и трговија предвидуваат по 33, односно 30 нови вработувања во 2008 година, додека останатите сектори како што земјоделство, трговија и угостителство имаат прикажано незначителна потреба за нови вработувања.

Побарувачката на работна сила според степенот на образование, односно квалификации, занимања, потребни вештини, компетенции, согласно анкетното истражување на Центарот за вработување Струмица во периодот 2006-2008 година укажува дека таа бележи значителни промени. Анализата на потребите од вештини за 2008 година покажува дека побарувачката за работна сила според степенот на потребно знаење (степен на образование)[2] во наредните 12 месеци ќе биде релативно поголема за полуквалификувани и квалификувани работници, а релативно помала за работници со средно образование и неквалификуваните работници, односно лица кои немаат никакви квалификации. Како мошне неповолна може да се оцени малата побарувачка на лицата со завршено више и високо образование.

Резултатите од анкетното истражување потврдуваат дека преработувачката индустрија беше и остана носечки сектор при креирањето на нови работни места. Од аспект на степенот на образование во моментот на истражувањето најголем број од предвидените нови вработувања во овој сектор се однесувале полуквалификувани и квалификувани работници и лица со завршено средно стручно образование.

Посматрано според занимања најголема побарувачка за работна сила со средно ниво на образование е изразена за работници од текстилната струка (конфекциски шивач, конфекционер, шивач за лесна и тешка конфекција), градежната струка (градежен работник, тесар, ѕидар, мајстори со работно искуство, плочкар, како и градежни работници кои имаат искуство во ракувањето со градежни машини – багери итн.), фармацевски техничари, лабарантски техничари, графички работници за работа во печатница, потоа од металската струка (лимар мајстори, бравар мајстори), угостителски работници (готвачи, келнери, шанкери); демонстратори за продажба, машински техничари, дрвнопре-

[2] Националната класификација на занимања ISCO 88 (според која секое занимање е поврзано со степенот на потребно знаење).

работувачки техничари за работа во дрвна индустрија. Побарувачката за работници со високо образование, пак, најмногу се однесува на: дипломирани инжинери по информатична технологија (програмери), дипломирани економисти, дипломирани инженери архитекти, дипломиран инжинери агрономи, фармацевти, дипломирани машински инжинери и технолози.

Во врска со барањата за посебни знаења и вештини на лицата, анкетното истражување покажа дека покрај основното занимање за лицата со завршено средно и повисоко ниво на образование најмногу се бара познавање на еден од странските јазици (најчесто англискиот), како и познавање на информатичка технологија (работа на компјутер - Word, Excel).

Анализата на потребите од вештини во периодот 2006-2008 година покажува дека во Општина Струмица нема поизразен дефицит на работна сила. Така, во 2008 година од анкетираните 85 претпријатија 83,5%, а во 2007 година од 98 претпријатија 93,9%, се изјасниле дека не почувствувале недостаток на работна сила при пополнување на слободните работни места. Од фирмите кои се соочиле со проблем при пополнувањето на слободните работни места, тој во најголем дел се однесува на недостигот на работници со потребното работно искуство. Проблемот на недостиг на работна сила најмногу е изразен кај компаниите од преработувачката индустрија.

Во Општина Струмица на вработувањето на лицата со посебни потреби се посветува посебно внимание. Иако, согласно законската регулатива, на фирмите им се нудат многу поволности за вработување на вакви лица нивниот интерес е мошне мал. Во текот на истражувањето во 2008 година од анкетираните 85 фирми, 95% одговориле дека не се заинтересирани за вработување на ова категорија на лица. Од оние кои се заинтересирани за вработување на лица со посебни потреби во најголем дел се мали фирми од областа на печатарската индустрија за работа во печатница. Сепак, треба да се има предвид дека согласно методологијата со анкетата не беа опфатени фирмите со помалку од 10 вработени, а најголем дел на регистрираните заштитни друштва кои вработуваат лица со посебни потреби се микро фирми (со помалку од 10 вработени).

Сознанијата на Центарот за вработување Струмица, во основа ги потврдуваат резултатите од анкетното истражување кое се спроведува во рамките на Анализата на потребите од вештини.

Постојната побарувачката на работна сила во најголем дел се однесува на КВ работници и лица со завршено ССО. Најголема побарувачка според профилите на занимања има за работници од текстилната, металската и градежната струка, потоа фармацевски техничари, графички работници, угостителски работници, демонстратори за продажба, машински техничари, дрвнопреработувачки техничари за работа во дрвна индустрија. Во однос на побарувачката за работници со високо образование најголеми потреби има за: дипломирани инжинери по информатична технологија (програмери), дипломирани економисти, дипломирани инжинери архитекти, дипломиран инжинер агроном, фармацевти, дипломирани машински инжинери и технолози. Покрај основното занимање побарувачката се однесува и на работна сила со познавање на странски јазици и информатичка технологија.

Промени и постојни состојби на понудата на работната сила

Демографски карактеристики и работна сила

Општината Струмица е една од поголемите општини во Република Македонија која се издвојува со релативно голем пораст на населението. Во меѓупописниот период 1994-2002 година во Струмица вкупното население се зголеми за 2,5%. Овој пораст со речиси ист интензитет продолжи и во последните години. Според проценките на населението во 2007 година таа имала 55676 жител, што претставува 2,7% од вкупното население во земјата (Табела 2).

Табела 2
Обем и динамика на вкупното население

	Вкупно население		Проценка на население	Промена (пораст) на населението (1994-2002)		Стапки на пораст на населението
	1994	2002	31.12.2007	Број	%	1994 - 2002
Р. Македонија	1945932	2022547	2045177	76615	3,9	0,48
Струмица	53336	54676	55679	1340	2,5	0,31

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Во меѓупописниот период градското население забележа апсолутен и релативен пораст и неговиот удел достигна 64,6% (Прилог бр. 6). Тоа значи дека речиси две третини од населението и работната сила на општината живее во урбаните населби. Ваквата структура имплицира поголема застапеност на урбаната невработеност, која по правило е потежок проблем за решавање .

Промените во старосната структура на населението во општината Струмица се под силно влијание како на природниот прираст, така и на преселничките движења на населението. Имено, во периодот по 1994 година природниот прираст на населението се намали за околу три пати, а емиграцијата во странство продолжи со уште поголем интензитет. Ваквите движења на населението условија апсолутно и реалативно намалување на младото население (до 20 години) и населението на возраст од 20-40 години, а пораст на постарите од 60 години. Поради тоа и општината Струмица беше зафатена со процес на демографско стареење. Тоа го потврдуваат показателите за рангот на демографска старост, според кои во 1994 година населението било на праг на демографска старост, а од 2002 и според состојбата во 2007 година се наоѓа во стадиум на демографска старост. Со оглед на релативно побавниот процес на стареење на населението застапеноста на основните старосно-полови контингенти во вкупното население е поразлична од состојбата на ниво на земјата. Во 2007 година општината Струмица има потпросечно учество на децата и на постарото население, а натпросечен е уделот на работоспособниот контингент (Прилог бр. 7). Тоа значи дека во наредните години општината се уште ќе се соочува со релативно голем прилив на нови генерации во работоспособниот контингент, како демографска рамка од која се регрутира работната сила.

Во образовната структура на населението во општината Струмица, во периодот 1994-2002 година дојде до позитивни промени кои се манифестираат во намалување на населението со ниско, а пораст на тоа со средно и високо ниво на образование (Прилог бр. 8). Во споредба со просекот во земјата општината се одликува со поттпросечна застапеност на лицата со ниско ниво на образование, чие учество изнесува повеќе од половина од вкупното население старо 15 и повеќе години. Тоа значи дека образовната структура на населението не би можела да се оцени како поволна.

Со оглед на релативно големиот обем на внатрешните и надворешните миграции, преселничките движења имаат сигнификантно влијание врз порастот и структурните белези на населението во општината Струмица. Податоците од редовното истражување на Државниот завод за статистика покажуваат дека во внатрешните миграции локалните преселувања се одвиваат со релативно мал обем. Во меѓуопштинските преселувања, пак, општината Струмица е имиграционо подрачје, односно поголем е бројот на доселените од отселените лица (Прилог бр. 9). Тоа имплицира дополнителен притисок на пазарот на трудот. Што се однесува на бројот на доселените и иселените во странство податоците од Државниот завод за статистика не ја покажуваат реалната состојба, особено во поглед на емиграцијата (Прилог бр. 10). Пописот на население во 1994 година покажа дека Струмица е една од општините со повисок обем на емиграција. Повеќе индиции укажуваат дека во последната деценија и во оваа општина се интензивираа преселувањата во странство, вклучително и на интелектуалната емиграција.

Обем и структурни карактеристики на евидентираните невработени лица

Согласно податоците на Агенцијата за вработување на Република Македонија – Центар за вработување Струмица, со состојба 31.08.2008 година во Општина Струмица биле евидентирани 11270 невработени лица, што претставува 3,2% од вкупно невработените во земјата.

Промените во обемот, динамиката и структурните белези на невработените лица се анализираат за вкупно евидентираните невработени лица во 2007 и 2008 година (состојба 31. 08).

Во 2008 година во споредба со 2007 година бројот на невработени лица во општината Струмица е намален за само 2,3% (Табела 3). Ваквите промени потврдуваат дека во овој период на пазарот на трудот во Општина Струмица беше забележана мошне мала побарувачка за работна сила. Што се однесува на потеклото на мигрантите речиси непроменет останува бројот на невработените од селските подрачја, а градската невработеност бележи апсолутно и релативно намалување (286 лица или 4,1%). Со оглед на ваквите движења се намалува застапеноста на градската невработеност, а се зголемува уделот на невработените од селските подрачја. И покрај тоа градската невработеност останува доминантна и во 2008 година изнесува безмалку три петтини (58,9%).

Табела 3
Структура на евидентираните невработени лица, според местото на живеење

	Република Македонија		Општина Струмица	
	2007	**2008**	**2007**	**2008**
Вкупно	361840	344311	11553	11270
Град	242973	229752	6926	6640
Село	118867	114559	4627	4630
Структура во % (Вкупно=100,0)				
Вкупно	100.0	100.0	100.0	100.0
Град	67.1	66.7	59.9	58.9
Село	32.9	33.3	40.1	41.1

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија.

Општината Струмица се карактеризира со специфична демографска структура, односно полова и старосна структура на евидентираните невработени лица. Во 2008 во однос на 2007 година кај мажите невработеноста е намалена за 3,3%, а кај жените за 0,8% (Табела 4). Со оглед на ваквите движења учеството на мажите во вкупно невработените се намалува, а на жените бележи пораст. Независно од ваквите промени според состојбата во 2008 година уделот на невработените мажи останува доминантен и достигнува нешто помалку од три петтини (58,5%) од вкупно невработените лица.

Табела 4

Структура на евидентирани невработени лица, според пол

	Република Македонија		Општина Струмица	
	2007	2008	2007	2008
Вкупно	361840	344311	11553	11270
мажи	211503	200089	6815	6589
жени	150337	144222	4738	4681
Структура во % (Вкупно=100,0)				
Вкупно	100.0	100.0	100.0	100.0
мажи	58.5	58.1	59.0	58.5
жени	41.5	41.9	41.0	41.5

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија.

Промените во структурата на евидентираните невработени лица според возраст се манифестираат во намалување на учеството во вкупно невработените на младите до 29 години, а пораст на сите други старосни групи. И покрај ваквите промени учеството на младите до 29 години останува доминантно и мошне високо, и според состојбата во 2008 година изнесува 31,9% (Табела 5). Освен тоа, како мошне високо може да се оцени и учеството на помладото средовечно население (30-39 години) кое достигнува повеќе од една четвртина (26,2%). Анализата на структурата на невработените лица според старост, покажува дека во општината Струмица со поголема застапеност се издвојуваат и лицата постари од 50 години (20,6%), чие учество бележи апсолутен и релативен пораст.

Табела 5
Структура на евидентираните невработени лица, според старост

	Република Македонија		Општина Струмица	
	2007	**2008**	**2007**	**2008**
Вкупно	361840	344323	11533	11270
До 29 год.	107243	95089	4003	3597
30-39	91004	84190	3001	2949
40-49	80601	77935	2405	2403
50 +	82992	87109	2144	2321
Структура во % (Вкупно=100,0)				
Вкупно	100,0	100,0	100,0	100,0
До 29 год.	29,6	27,6	34,7	31,9
30-39	25,2	24,5	26,0	26,2
40-49	22,3	22,6	20,9	21,3
50 +	22,9	25,3	18,6	20,6

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија.

Податоците за евидентираните невработени лица според возраст покажуваат дека во Општина Струмица нешто помалку од 6000 лица или повеќе од половина од нив се млади до 29 години или припаѓаат на категоријата на постари лица на возраст од 50 и повеќе години. Со оглед на специфичноста на овие старосни групи истите се предмет на подетална анализа.

Според состојбата на 31.08.2008 година од вкупно евидентираните невработени лица на возраст до 29 години 45,4% се жени, 47,5% припаѓаат на староснат група 25-29 години. Посматрано според нивото на образование од оваа категорија на невработени 2060 лица или 57,3% се неквалификувани и полуквалификувани (од кои речиси сите се работници без занимање), а 35,9% се лица со средно ниво на образование. Бројот на невработени со високо образование изнесува 242 лица.

Анализата на образовната структура на младите невработени лица од аспект на профилот на занимање покажува дека кај лицата со завршено средно образование (1291 лица) најзастапени се гимназијалците (101) и сообраќајните техничари (107), а со поголем број се издвојуваат и прехранбените (92), економските (84), електротехничарите од различни профили (75) и текстилните работници (65 лица). Од лицата со непотполно средно образование за одредено занимање (488 КВ работници), пак, најбројни се конфекционерите (66), стругарите (53), автомеханичарите (52), и браварите (48 лица). Од младите лица со високо образование, пак, најзастапени профили се дипломираните професори за различни предмети (56 лица), дипломираните правници (40) и дипломираните економисти (33). По едно невработено лице има кај најголем дел од другите профили на невработени лица со факултетско образование.

Што се однесува на невработените лица постари од 50 години (2321 лица) повеќе од една третина (55,0%) се на возраст од 55-59 години, а речиси една петтина (18,4%) се постари од 60 години. Најголем број од оваа категорија на невработени лица се со ниско (43,8%), а една четвртина (42,2%) со средно ниво на образование. Повеќе од по-

ловина (40,4%) од невработените лица стари 50 и повеќе години за вработување чекаат подолго од 8 години.

Посматрано според нивото на образование во 2008 година 57,2% од евидентираните невработени лица во Општина Струмица се некфалификувани и полуквалификувани, 16,1% се квалификувани и висококвалификувани, а лицата со средно завршено образование учествуваат со 20,2% проценти. Бројот на невработените со високо образование изнесува 513 лица, а нивното учество во вкупно невработените 6,5% (Табела 6). Во 2008 во споредба со 2007 година бројот на невработени лица се намалил кај сите степени на образование, освен кај неквалификуваните лица каде тој останува непроменет. Намалувањето на бројот на невработени лица се движи од 7% (ССО) до 3,4% (КВ и ВКВ).

Табела 6
Структура на евидентираните невработени лица, според степен на образование

	Република Македонија		Општина Струмица	
	2007	2008	2007	2008
Вкупно	361764	344257	11535	11269
НКВ	173948	168846	6087	6090
ПКВ	12879	12240	378	356
КВ И ВКВ	60133	56254	1859	1814
ССО	89267	82704	2441	2271
ВШСО	6240	5772	238	225
ВСО	19297	18441	532	513
Структура во % (Вкупно=100,0)				
Вкупно	100,0	100,0	100,0	100,0
НКВ	48,1	49,0	52,8	54,0
ПКВ	3,6	3,6	3,3	3,2
КВ И ВКВ	16,6	16,3	16,1	16,1
ССО	24,7	24,0	21,2	20,2
ВШСО	1,7	1,7	2,1	2,0
ВСО	5,3	5,4	4,6	4,6

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија.

Структурата на невработените лица според степен на образование може да се оцени како мошне неповолна, поради огромниот број на неквалификовани и полуквалификувани невработени лица (повеќе од 6000 лица). Тоа имплицира ниско ниво на човечки капитал кај неангажираниот дел од работната сила, што во голема мера го отежнува решавањето на проблемот на невработеноста во Општина Струмица.

Анализата на профилот на занимањата на невработените лица со завршено средно образование (2273 лица) покажува дека со поголем број се издвојуваат земјоделските техничари – поледелци (450 лица), економските техничари (347 лица), гимназијалците (344), потоа машинските (142) и електро техничарите (119), како и прехранбените техничари (120) и техничарите за патен сообраќај (104 лица). Во општината Струмица повеќе од 500 невработени лица се со завршен факултет. Ги има од сите профили, а најбројни се дипломираните професори за различни предмети (86 лица), дипломираните економисти (62) и лицата со завршен земјоделски факултет (39 лица).

Според времето на чекање за вработување бројот на евидентирани невработени лица во 2008 во споредба со 2007 година се зголемил кај сите групи, освен кај оние со време на чекање 2-4 и 5-7 години каде што е регистрирано намалување за 2,1%, односно 27,4%

(Табела 7). Најголем е порастот на бројот на невработените кои за работа чекаат 12-23 месеци (6,4%) и подолго од 8 години (4,0%).

Табела 7
Структура на евидентираните невработени лица, според време на чекање за вработување

	Република Македонија		Општина Струмица	
	2007	2008	2007	2008
Вкупно	361840	344222	11553	11269
До 11 мес.	68503	58539	1922	1974
12 до 23 мес.	49095	47618	1249	1329
2-4 год.	84999	83863	2163	2118
5-7 год.	53309	47784	1972	1431
8 год. +	105934	106418	4247	4417
Структура во % (Вкупно=100,0)				
Вкупно	100.0	100.0	100.0	100.0
До 11 мес.	18.9	17.0	16.6	17.5
12 до 23 мес.	13.6	13.8	10.8	11.8
2-4 год.	23.5	24.4	18.7	18.8
5-7 год.	14.7	13.9	17.1	12.7
8 год. +	29.3	30.9	36.8	39.2

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија.

Структурата на невработените лица според времето на чекање за вработување може да се оцени како исклучително неповолна и загрижувачка, бидејќи уделот на лицата што чекаат за работа 8 и повеќе години изнесува речиси 40% и има тренд на континуиран пораст. Од друга страна, пак ако се има предвид дека според препораките на ИЛО како долгорочно невработени се сметаат лицата кои чекаат вработување подолго од една година состојбата е уште позагрижувачка. Според оваа дефиниција во општината Струмица долгорочно невработени се 82,5% .

Од 4417-те невработени лица коишто чекаат за вработување подолго од 8 години помалку од две петини се жени (1674 лица), а 21,2% се постари од 50 години. Најголем дел од оваа категорија на невработени се со ниско ниво на образование (3003 лица или 68%), 1264 лица со средно, а 150 лица со високо ниво на образование.

Прилив на нова работна сила

Во последните две учебни години бројот на завршените средношколци во средните училишта во Општина Струмица (СОУ „Јане Сандански", СОУ „Никола Карев" и СОУ „Димитар Влахов") изнесува 835 (2006/2007), односно 900 ученика (2007/2008). Притоа, ако се претпостави дека 60% од нив го продолжувале образованието на високите школи, тогаш приливот на нови генерации со завршено средно образование изнесува околу 360 лица.

Приливот на завршени, односно дипломирани студенти во 2006 година изнесува 152, а во 2007 година 178 лица. Сите овие лица веднаш се вклучуваат во пазарот на трудот и активно бараат работа.

Заклучоци и препораки

Анализата на побарувачката и понудата на работната сила, степенот на ангажираноста на работоспособното население и работната сила во Општина Струмица упатуваат на повеќе релевантни заклучоци во однос на промените и постојните состојби на пазарот на трудот.

Струмичката економија се одликува со солидна и диверзифицирана економска структура која претставува солидна основа за нејзино натамошно проширување и зголемена апсорпција на работната сила. Истражувањето покажува дека во последните години се одвиваа неповолни промени во економската активност на компаниите, кои беа проследени со променлива и релативно мала побарувачка за работна сила. Тоа услови намалување на бројот на вработените и промени во уделот на вработените според големината на компаниите. Притоа, евидентно е апсолутното и релативното намалување на бројот на вработените во големите претпријатија. И покрај манифестираните движења на подрачјето на општината Струмица секторот преработувачка индустрија останува носител на вработеноста

Податоците од анкетата и предвидувањето на бројот на новите вработувања од Анализата на потребите од вештини во 2008 година покажуваат дека во наредните 12 месеци не може да се очекува поголема побарувачка за работна сила, а со тоа и позначајно намалување на големата невработеноста. Најголем дел од новите вработувања ќе бидат во секторите преработувачка индустрија, градежништво, трговија и угостителство. Што се однесува на побарувачката на работна сила според степенот на образование, односно квалификации, таа ќе биде поголема за полуквалификуваните и квалификуваните работници, а релативно помала за работниците со средно образование и неквалификуваните работници. Како мошне неповолна може да се оцени побарувачката на лица со завршено више и високо образование. Од аспект на идните промени во бројот на вработените, значајно е да се укаже на очекувањата за легализирање на економската активност на земјоделците, што би требало да продонесе за одредено намалување на регистрираната невработеност.

Општина Струмица има 11270 евидентирани невработени лица, чија структура според местото на живеење, возраста, степенот на образование и времетраењето на невработеноста може да се оцени како мошне неповолна. Имено, иако е доминатно учеството на невработените од градските подрачја, бројот на невработените од руралните подрачја може да се оцени како мошне голем од аспект на можностите за нивно вработување. Во старосната структура на невработените со најголемо учество се издвојуваат младите невработени лица до 29 години, кои во најголем дел се со ниско ниво на образование. Според степенот на образование, пак, приближно три петтини од евидентираните невработени лица во општината Струмица се неквалификувани и полуквалификувани лица. Тоа во голема мера го отежнува решавањето на проблемот на невработеноста. Не помалку загрижувачки се податоците за невработените според времето на чекање, бидејќи две петтини се невработени 8 и повеќе години.

Од аспект на идните промени на пазарот на трудот значајно е да се имаат предвид и демографските карактеристики на Општина Струмица. Порастот на вкупното население, иако е нешто понизок од просекот на земјата, во последната деценија има стабилен тренд. Околу две третини од населението и работната сила на општината живее во урбаните населби. Старосната структура на населението во општината е под силно влијание на природниот прираст и на мигрциоите движења на населението. Од 2002 година општината се наоѓа во стадиум на демографска старост. Но, со оглед на релативно побавниот процес на стареење на населението и специфичната старосна структура, во наредните години општината се уште ќе се соочува со релативно голем прилив на нови генерации во работоспособниот контингент. Во меѓуопштинските преселувања, пак, Општина Струмица е имиграционо подрачје, односно поголем е бројот на доселените од отселените лица, што претставува дополнителен притисок на пазарот на трудот. Струмица е една од општините со повисок обем на емиграција. Повеќе индиции

укажуваат дека во последната деценија се интензивираа преселувањата во странство, посебно на интелектуалната емиграција како последица на малата побарувачка на високообразовни кадри.

Препораки

За намалување на невработеноста неопходно е создавање на претпоставки за поттикнување на побарувачката на работна сила, односно отворање на нови работни места преку подобрување на бизнис климата. Во идниот период особено внимание треба да се посвети во развојот на МСП, семејните бизниси, занаетчиството, самовработувањето. Големиот број на невработени од руралните подрачја неспорно ја наметнува потребата за позабрзан развој на овие средини и создавање на претпоставки за поголема вработеност на расположливата работна сила. Општината Струмица припаѓа на земјоделски микрорегион. Оттаму, поголемата поддршка на развојот на земјоделието ќе услови зголемување на ангажираната работна сила во оваа дејност и пораст на бројот на регистрираните земјоделци.

Во насока на зголемување на побарувачката за работна сила секако позитивно ќе влијае сузбивањето на нелојалната конкуренција, намалувањето на даночното оптоварување, како и трансформирањето на неформалното вработување во формално.

Со оглед на мошне неповолната образовна структура на невработените лица потребно е проширување на можностите за преквалификација, доквалификација, стекнување на вештини и нови знаења на работната сила, односно зајакнување на капацитетите на лицата коишто активно бараат работа. Огромно е значењето за усогласеноста на образовните програми со потребите за работна сила. Оттаму, неспорна е потребата работната сила континуирано да се едуцира, да се преквалификува и доквалификува, согласно потребите на бизнисот.

Во однос на целните групи на активни баратели на работа посебно би требало да се стимулира вработувањето на младите лица, посебно оние со високо образование, како и лицата кои подолго време чекаат работа. Во таа насока, треба да се создадат поволни можности за искористување на сите расположиви законските олеснувања за работно ангажирање на оваа категорија на невработени лица.

АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Во контекст на локален економски развој

Во Општина Струмица се застапени сите сектори. Доминантно е учеството на индустријата со индустриските гранки: текстилна, дрвна и прехрамбена. Во постојан подем се металопребаротувачката и електро индустријата. Важна улога во локалниот економски развој имаат и големите стопански субјекти: фабриката за производство на алкохолни и белалкохолни пијалоци, фабриката за преработка на тутун, фабриката за производство на санитарна керамика, фабриката за тули и рудникот на неметали.

Благодарение на местоложбата и близината на граничните премини со Бугарија и Грција, трговијата и услугите во Општина Струмица се многу развиени, додека расположивите поволни природни услови за земјоделие овозможија Општина Струмица да е позната по раноградинарското производство. Токму и извозот на земјоделски производи носи значаен девизен прилив, кој дава огромен придонес за развојот на струмичка економија.

Според расположивите статистички податоци од Пописот од 2002, во Општина Струмица бројот на вработени изнесувал 15013 лица. Речиси една половина од нив биле ангажирани во секторите преработувачка индустија и земјоделство, лов и шумарство. Што се однесува на другите дејности релативно голем бил бројот на вработените во секторите трговија на големо и мало, поправка на моторни возила, мотоцикли и предмети за лична употреба и домаќинства, како и сообраќај, складирање и врски. Според податоците од Централниот Регистер од 2008 година во Општина Струмица се регистрирани 2440 деловни субјекти(2260 со седиште во град Струмица, 180 со седиште во рурални места)

МСП се потенцијал за идните нови инвестиции, а со тоа и отворање на нови работни места. Во Општина Струмица постојат 24 рурални средини, кои се важниот потенцијал за развој на земјоделие и рурален туризам и е потребно нивно искористување. Заживување на занаетчиството може да се се стави во функција на развој на туризам, а одредени занаети според специфичностите кои ги имаат е потребно да се насочат и во функција на производствените капацитети.

Меѓутоа при изготвување на ЛАПВ е потребно како проблем да ја спомнеме глобалната економска криза. Таа би можела да има влијание на локално ниво во намалување на интересите за нови инвестиции и нови вработувања, прекинати надворешно – трговски односи(намален интерес на странски партнери за продолжување на договорите), намалено индустриско производство и намалена вработеност.

Насока 1:

Да се подобри бизнис опкружувањето во Општина Струмица

Како еден од главните проблеми за поддем на МСП во општината е слабата соработка на општинските институции со локалните бизниси и бизнис опкружувањето.

Во претходниот графикон (од извршената анализа за бизнис климата – проект за децентрализација на USAID) покажува дека фирмите се навистина заинтересирани за активности како што се учество во изготвувањето и спроведувањето на развојните планови, координирана промоција на општината и на бизнисите, обуки и едукативни курсеви и информации во врска со развојните планови на општината. Од ова следува дека долгорочна цел на општина е подобрување на бизнис опкружувањето, преку промоција на локалните бизниси и унапредување на општиските услуги. Со постигнување на оваа цел се очекува зголемен број на новоформирани фирми и тоа во преработувачкиот сектор, а во исто време и зголемување на можностите за вработување.

Конкретна цел 1.1. Промовирање на локалните МСП и бизнисите

Оваа конкретна цел ќе се постигне со поддршка на локалните МСП и бизнисите, преку нивно здружување и заеднички настап на регионалните и меѓународните саеми и манифестации. Поддршката ќе се насочува кон остварување на нови бизнис контакти, нови договори за работа, што ќе придонесе на зголемен пласман на производи на локално, регионално и меѓународно ниво. При реализација на оваа конкретна цел се претпоставува дека е можно влијанието на глобалната економска криза и недоволните финаниски средства. За надминување на ризикот од недовно финансиски средства е потребно поднесување на апликација до повеќе извори на средства.

Активности за цел 1.1:

1.1.1.Учество на саемски манифестации

Оваа активност опфаќа заеднички меѓународен промотивен настап на бизнисите на саем за туризам во Република Бугарија-Пловдив; Саем на земјоделство и преработка на земјоделски производи во Република Германија – Келн; Саем во Милано – Италија; Саем за мебел во Солун, Грција; Саем Технома во Скопје; Саем на мебел во Скопје; Саем за земјоделие во Нови Сад, Република Србија. Преку овие активности ќе се намалат трошоците на фирмите за маркетинг преку нивно здружување, а иницијативата ќе ја води ЛЕР канцеларијата. За време на оддржување на саемите ќе има презентација на локалните бизниси и можностите за инвестирање во Општина Струмица. За овие активности предвидено е печатење на промотивен материјал, изнајмување на тач скрин за промоција на општината и сите бизниси, и учество во транспортните трошоци. Претпоставка

при реализација на оваа активност е недоволната заинтересираност од бизнис сектор и истата би се надминала со нивно навремено информирање.

1.1.2.Организирање на трансгранични форуми

Со оваа активност се предвидува првин да се идентификуваат локални фирми и фирмите од Република Бугарија (приближно 60 фирми), кои би биле заинтересирани да учествуваат на форумот во 2010 во Струмица. Целта на форумот е да се запознаат фирмите од општината со фирмите од соседните земји и да отпочнат иницијатива за заеднички настап на странски пазари. Овој форум ќе се организира под покровителство на Општина Струмица, а финансиран од буџетот на РМ и донаторски фирми од регионот. Се претпоставува дека е можна незаинтересираност на фирмите, но таа би се надминало со нивно навремено информирање, како со дирекни контакти, така и преку медуми. Друг ризик е судирот на интереси кој ќе се надмине со јавниот повик со дефинирани и одобрени критериуми.

Конкретна цел 1.2. Унапредување на општинските услуги во служба на локалните бизниси (е-општина)

Со оваа конкретна цел ќе се подобри размената на информации помеѓу општината и локалните бизнис и тоа во насока на добивање на информации за можности за инвестирање, слободни локации, нивна цена, сопственост на локацијата, број и вид на расположива работна рака, нивна квалификација и искуство. Со овозможувањето на заинтересираните инвеститори да добиваат брзи и точни информации ќе се поттикнат инвестициите и зголеми бројот на вработените во општината. Постигнувањето на оваа цел ќе го надмине долгогодишниот проблем кај инвеститорите и локалните фирми за навремено добивање на потребните информации и услуги. При реализација на оваа конкретка цел се претпоставува дека е можно да се јави судир на интереси и недоволна заинтересираност од институциите. Овие ризици ќе се надминат со точно утврдени проток на информации и дејствувања, како и делување преку ЗЕЛС не само за Општина Струмица туку за сите општини.

За постигнување на оваа конкретна цел предвидени се активности во следните 2 години, но во иднина е потребно континуирана работа на ажурирање на податоците и подобрување на информатичката технологија:

Активности за цел 1.2:

1.2.1.Меѓуопштинска и институционална електронска размена на информации за бизнисите и вработувањата

Оваа активност опфаќа формирање на датабаза во општините и институциите и електронска размена на податоците и тоа за: фирми, вработени, невработени, локации за нови фирми и фабрики, цени за изнајмување и продажни цени. Потребна е подактивност за обука на кадри за вмрежување, работа со датабазата и ажурирање. Партнери за имплементација и натамошна соработка се ЗЕЛС, УЈП, Централен Регистар, Завод за статистика, Центар за вработување, Одделението за урбанизам, Катастар, итн. Се претпоставува дека е можно да има непостоење на интерес од страна институциите и тоа ќе се надмине со направените напори на ниво на ЗЕЛС.

1.2.2.Формирање на КОЛ центар за посредување при вработување

Оваа активност опфаќа повеќе подактивности и тоа:1. Обезбедување на деловен простор, опрема и човечки ресурси 2.Воспоставување посреднички систем меѓу понуда и побарувачка на трудот – соработка со локални фирми, Центарот за вработување, Тренинг

центарот, образовните институции и изработка на датабаза за понуда и побарувачка на работна рака, изработка на интерактивна Web страна 3.Воспоставување на соработка со други КОЛ центри од регионот. За реализација на ова активност е предвидено 80% средства од Министерста(МТСП и АППРМ), од фондот за самовработување. Се претпоставува дека при реализација на ова активност е можна појава на:

- Судир на интереси, кое ќе се реши со јасно утврден систем на понуда и побарувачка на трудот и
- Недоволна заинтересираност од страна на бизнисите за понудените услуги на КОЛ центарот. Потребна е кампања за надминување на овој ризик.

Во контекст на локалните политики за вработување

Општина Струмица има 11270 евидентирани невработени лица, чија структура според местото на живеење, возраста, степенот на образование и времетраењето на невработеноста може да се оцени како мошне неповолна. Имено, иако е доминатно учеството на невработените од градските подрачја, бројот на невработените од руралните подрачја може да се оцени како мошне голем од аспект на можностите за нивно вработување.

Една од целите за изготвување на овој Акционен план е да се обезбеди навремено и успешно спроведување на предвидените владини активни мерки за вработување за 2009 и 2010 година во соработка со локалната власт. Имено, успешната реализација на активните мерки за вработување ќе зависи од точно утврдените активности на секој субјект, со точно утврдени рокови за извршување на предвидените активности. Исто така, Оперативниот план ќе придонесе за поуспешна координација помеѓу инволвираните субјекти за спроведување на овие мерки.

Досега беше многу мало учеството на локалната власт во креирањето и имплементацијата на политиките и стратегиите за вработување на Владата на Република Македонија. Со изработка на овој документ и активното учество на локалната власт и сите локални засегнати страни ќе допринесе до поуспешно имплементирање на планираните активности за вработување и ублажување на невработеноста кои се утврдени со повеке владини документи, и тоа: Програма на Владата на Република Македонија 2006-2010 год, Националната стратегија за вработување 2010, Национален акционен план за вработување 2009-2010 (НАПВ), Повеќегодишната оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007-2013, подготвена во согласност со компонентата 4 од Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА).

Насока 2: _____

Да се зголеми вработеноста во руралните средини

Општина Струмица е карактеристична што има висока стапка на невработеност во руралните средини(41,1%). Еден од главните проблеми се: нерегистрираните земјоделци, кои се водат како невработени во Центарот за вработување; малиот број на занаетчии и МСП во руралните средини. Со реализација на ова насока е предвидено 10% зголемена вработеност во руралните средини, кое би се постигнало со спроведување на две конкретни цели: Зголемување на конкуретноста во земјоделскиот сектор и Поддршка при отворање на МСП и занаетчии

Конкретна цел 2.1.: Зголемување на конкуретноста во земјоделскиот сектор

Со постигнување на оваа цел ќе се подобри организираноста на индивидуалните земјоделци и преработувачи на земјоделски производи, нивното производство и пласман,

модернизација на технологија за производство и едуцираноста. Со имплементација на предвидените активности, во соработка со Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделието и ПЕ на МЗШВ ќе се зголеми бројот на регистрирани индивидуални земјоделци, но и можноста за вработување во преработувачките капацитети на земјоделски производи. За постигнување на оваа конкретна цел предвидени неколку активности:

Активности за цел 2.1

2.1.1. Поддршка во воспоставување на кооперантски односи

За да се воспостават кооперантски односи помеѓу индивидуалните земјоделци, откупувачи и преработувачи се предвидени повеќе подактивности: Поддршка и промоција при формирање на здруженија на индивидуални регистрирани земјоделци и Обуки за планирање на производството и договарање на индивидуалните земјоделци со преработувачите, обуки за воведување на стандарди. При реализација на оваа активност се претпоставува дека е можно да има недоволна заинтересираност од страна на индивидуалните земјоделски производители, откупувачи и преработувачи. Со агресивна промоција би се надминало овој ризик.

2.1.2.Информирање на земјоделците за ИПАРД фондовите во РМ

Ова активност има за цел да ги информира и едуцира земјоделците за искористување на ИПАРД фондовите во РМ и тоа за начините на аплицирање и помош при подготовка на апликациите. Оваа активност ќе се имплементира заедно и во соработка со тековниот проект финансиран од ЕУ а импленитиран од ГФА од Германија, а како партнери се ПЕ на МЗШВ и Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделие. Претпоставка е дека ќе нема доволно заинтересирани земјоделци. Овој ризик ќе го надминеме со информирање на населението преку промовирање на сите расположиви фондови и стимулации за земјоделие.

Конкретна цел 2.2.: Поддршка при отворање на МСП и занаетчии во руралните средини

Со оваа конкретна цел ќе се подобри и поддржи едукацијата преку обуки за отпочнување на мали семејни бизниси во руралните средини во општината, самовработување и отварање на нови занаетчиски работилници.Со навремено идентификувани извори на финансии ќе се надмине ризикот околу недоволно финансиски средства. За постигнување на оваа конкретна цел предвидени се следните активности:

Активности за цел 2.2

2.2.1.Создавање поволни услови за претприемништво и отворање бизнис

Оваа активност опфаќа:промоција, иницијативи и поддршка/потикнување на руралното население за отворање бизнис (мали, семејни бизниси) преку програми за самовработување, обуки за претприемништво и водење на семеен или мал бизнис. Со промоција и непосредните контакти(на терен) ќе се надмине ризикот за непостење доволна храброст на нови предизвици и недоволната информираност кај населението во руралните средини.

2.2.2.Афирмација на занаети специфични во рурални средини

Оваа активност опфаќа повеќе подактивности: Идентификација на занаети специфични во руралните средини, а потребни за развој на локалниот туризам и угостителски објекти; Подигање на свеста кај руралното население и туристичките објекти за нивно

постоење и важност за развој на туризмот и директна помош во маркетингот на производите од занаетчиството - Организирање на мал панаѓур за промоција на занаетчиски производи (3 панаѓури за 3 месеци). Се претпоставува дека со кампања ќе се надмине ризикот – недоволна заинтересираност за занаети, а додека недоволната комуникација меѓу Регионалната занаетчиска комора, општината и занаетчиите ќе биде надминат со формирање на тим.

2.2.3.Поддршка на развојот на рурален туризам

Оваа активност ги опфаќа следниве подактивности: Формирање на посебна работна група за овој проект која ќе има задача да го анимира и поттикне населението за рурален туризам, направи анализа на терен (заинтересирани семејства) и нивна идентификација, организира нивна едукација преку работилници за водење на мал бизнис во руралниот туризам, да подготви туристичка програма и создавање на локален бренд и ја промовира новата туристичка понуда(web страна и пропаганден материјал). Ризикот, околу недостиг на финансиски средства за почеток на заинтересираните семејства кои ќе се занимаваат со овој бизнис, ќе се надмине со поголемата промоција за важноста на рурален туризам, како нова доходовна гранка.

Насока 3: _____

Да се намали невработеноста преку создавање активни мерки за вработување

Тргнувајќи од податоците на евидентирани невработени лица за 2008 година, процентот на невработени млади до 29 години изнесува 31,9%, а повеќе од половина од невработените немаат никакви квалификации, па и некомплетирано основно образование, односно дури 54%. Оваа насока се фокусира токму на оваа целна група: млади невработени до 29 год, со НКВ, а нејзина цел е да го намали степенот на невработеност меѓу спомнатата целна група со создавање активни мерки за вработување преку две конкретни цели. Со реализација на оваа насока се очекува вработување на 6-8% од припадниците на целната група.

Конкретна цел 3.1.: Зголемени можности за вработување

Оваа конкретна цел има за задача да овозможи комплетирање на основното образование кај 5% (120-150 кандидати) од целната група, а на исто толкав број од целната група да им се овозможи обука за основни вештини од најбараните занаети/услуги на пазарот на труд, која ќе се темели врз прагматични и скратени програми, а преку тоа да ја обучи истата со неопходни квалификации со што ќе се овозможи поддршка претежно во процесот на самовработување. Најважните индикатори ќе произлезат од Агенцијата за вработување, Работнички универзитет – Струмица, Занаетчиската комора – Струмица, Одделението за образование при Општина Струмица. При реализацијата на оваа конкретна цел се претпоставува дека е можно да дојде до недоволен ангажман од целната група поради низа фактори: Програмите да се покажат како неинтересни за целната група, недостаток од иницијатива за стекнување знаења и нивно користење во процесот на активно барање работа. За да се надминат овие недостатоци ќе се инсистира на поголема флексибилност од инволвираните страни.

Активности за цел 3.1

3.1.1.Оформување на основното образование

Оваа активност има за задача да го финализира целиот процес на овозможување оформување основно образование и тоа најнапред преку воспоставување соработка со про-

ектот „Доживотно учење“ на МОН, Центарот за развој на образованието и Работнички универзитет - Струмица со што ќе се обезбедат скратени програми за основно образование, по што ќе се распише конкурс за потенцијалните кандидати. Програмата ќе се реализира во Работнички универзитет – Струмица, а детални индикатори ќе се побараат од Работнички универзитет, Проектот „Доживотно учење“ и Центарот за развој на образованието.

Во реализацијата на оваа конкретна цел можно е да искрснат следниве негативности:

- Недоволен ангажман од целната група поради x фактори: програмите да се покажат како неинтересни или преамбициозни за целната група. За да се реши тој проблем ќе се поттикнува поголема флексибилност од наставниот кадар во реализацијата на програмите.
- Предолга процедура во одобрување на програмите. Во овој случај се препорачува засилено лобирање за забрзување на постапката.

3.1.2.Курсеви за стекнување општи занаетчиски вештини

Оваа активност има за цел да ја обучи целната група со најбараните општи занаетчиски вештини. Процесот ќе започне со воспоставување соработка со Центарот за стручно образование (Скопје), центри за обуки (Струмица) и локални работилници и сервиси, по што ќе се распише конкурс за потенцијалните кандидати, ќе се оформат целните групи и ќе се отпочне со реализација на програмата. Индикаторите ќе ги дадат центрите за стручно образование во соработка со Работнички универзитет и локалните сервиси и работилници. И тука е можно пројавување недоволен интерес од целната група да се вклучи во процесот на обуките на што ќе се одговори со засилена медиумска кампања.

Конкретна цел 3.2.: Асистенција и поддршка при вработување

Преку оваа конкретна цел ќе се овозможи изготвување програми за занаетчиски обуки според потребите на пазарот на труд кои ќе бидат неопходни во процесот на стекување занаетчиски вештини, ќе се даде поддршка на дел од целната група во процесот на самовработување преку упатување во основите на претприемништвото, а останатиот дел ќе се поддржи во процесот на вработување преку медијација помеѓу бизнис секторот, АВРМ и целната група. Индикаторите ќе се бараат од Образовни установи за ССО,Тренинг центар Ср, АВ Центар за вработување, УЈП, Канцеларија за медијација и Бизнис секторот.

И при реализацијата на оваа конкретна цел се претпоставува дека ќе искрснат следниве проблеми:

- Промена на потребите на пазарот на труд. Проблемот би се ублажил со изработка на пофлексибилни програми
- Неизнаоѓање доволно средства. За да се реши овој проблем ќе се бараат други извори на средства

Активности за цел 3.2

3.2.1. Изготвување програми според потребите на пазарот на труд

Врз основа на анализата на собраните податоци помеѓу Канцеларијата за медијација, центрите за обуки, Центарот за стручно образование и АВ се одредуваат ударните дефицитарни/најбарани услуги/ занаети на пазарот на труд и се изготвуваат конкретни и прагматични програми за обуки за претходно утврдените услуги/занаети. Носители на индикатори ќе бидат: Канцеларијата за медијација, Центри за стручно образование, Работнички универзитет – Ср, МОН/Центар за стручно образование.

Се предвидува при реализацијата на оваа активност дека е можно да дојде до Промена на потребите на пазарот на труд, поради што се препорачува будно следење на состојбата и изработка на пофлексибилни програми.

3.2.2. Асистенција и поддршка, како и краток вовед во основите на претприемништвото

Со оваа активност се очекува поддршка на 160 кандидати во процесот на самовработување/вработување со посредство на Канцеларијата за медијација и Тренинг центарот. Тренинг центарот активно ќе биде вклучен во обучување на потенцијалните самовработувачи во основите на претприемништво. Канцеларијата за медијација ќе посредува во активното барање работа на дел од целната група во бизнис секторот. Овие два субјекта, заедно со Агенцијата за вработување-Центарот за вработување Ср ќе бидат основните извори на верификација.

Во текот на остварувањето на оваа активност се претпоставува дека е можно самата програма да не ги задоволува интересите на кандидатите. Овој проблем би се решил преку консултации на целната група и прилагодување на програмата според потребите на истата. Како дополнителен проблем би било неизнаоѓањето на доволно средства при што ќе се бараат други извори на средства

Насока 4: _____

Да се постигне вработлива мобилност

Оваа насока ја опфаќа најголемата категорија невработени според препораките на ILO. Крајниот дострел на оваа насока е да постигне вработлива мобилност преку медиумски кампањи со кои ќе се крева свеста меѓу претприемачите за подигање на претприемачкиот дух, јасно дефинирање на потребите од кадри, едукација / обука, планирања, проектирања на активности, како и формирање стипендиски фондови од една страна, и давање поткрепа на долгорочно невработените според препораките на ILO со обуки, волонтирање, советување, како и финансиска поддршка за старт-ап бизниси од друга, со што се очекува зголемување на вработеноста кај целната група, а преку основањето стипендиски фондови да се намали одливот на млади во странство. Главните носители на индикатори ќе бодат Локални медиуми, Бизнис секторот, УЈП, АВРМ, Завод за статистика и Канцеларијата за медијација.

Во оваа насока може да се јават следните ризици:

- Негативните светски текови во економијата можат да ги намалат позитивните разултати
- Промена на субјектите инволвирани во оваа програма
- Неизнаоѓање доволно средства при што ќе се бараат нови извори на средства.

Конкретна цел 4.1.: Кревање на свеста кај бизнис секторот за надоградба и усовршување на раководниот кадар

Со серија медиумски кампањи и непосредни контакти со претприемачите да се постигне подигање на нивната свест за непрекинато усовршување, градење на нови капацитети, следење на најновите текови, воспоставање соработка на повеќе нивоа (образовни институции, центри за обуки, здруженија, странски субјекти…) Најглавните индикатори ќе бидат обезбедени од страна на локалните медиуми, Агенцијата за вработување-Центар за вработување Ср, Канцеларијата за медијација и бизнис секторот.

Во реализацијата на оваа цел се претпоставува дека е можно да дојде до следните проблеми:

- Немање доволно финансиски средства. Овој проблем би се решил преку барање нови извори на средства.
- Нереални анкетни податоци. За решавање на овој проблем би се сугерирало појасно и конкретно дефинирање на анкетните прашања.
- Неажурност во давањето податоци од страна на медиумите и АВРМ. За да се реши овој проблем ќе се примени поагресивен пристап од страна на тимот.

Активности за цел 4.1

4.1.1. Медиумски кампањи

Со 12 месечна кампања ќе се стреми кон подигање на свеста и сознанието кај претприемачите за непрекинато усовршување, градење на нови капацитети, следење на најновите текови, воспоставање соработка на повеќе нивоа (образовни институции, центри за обуки, здруженија, странски субјекти...). Во текот на реализацијата на оваа активност се претпоставува дека е можно да се појави неинвентивност од страна на ТВ екипите која ќе се надмине со проширување на соработката со други телевизии.

4.1.2. Непосредни контакти со бизнис секторот

Воспоставувањето контакти со бизнис секторот има за цел кревање на свеста за притприемачки дух (јасно дефинирање на потребите од кадри, едукација/обука, планирања, проектирања на активности...) за непрекинато усовршување, градење на нови капацитети, следење на најновите текови, воспоставање соработка на повеќе нивоа (образовни институции, центри за обуки, здруженија, странски субјекти...) преку анкети, интервјуа, советувања.

Конкретна цел 4.2: Поттикнување на претприемачкиот дух / давање насоки на долгорочно невработени според препораките на ILO

Оваа конкретна цел има за задача спроведување обуки за претприемништво и менаџерство и издавање ваучери за советување при отпочнување бизниси во процесот на самовработување. Се планира да се обучат 120 невработени(невработени лица според препораките на ILO), а 1% од истата целна група да се самовработи преку ваучерски консултации.

При остварувањето на оваа цел се претпоставува дека би се појавиле следните недостатоци:

- Незаинтересираност на долгорочно невработени лица за самовработување. Овој недостаток би се елиминирал со подигање на свеста преку медиумската кампања
- Нестручни предавачи. Овој проблем би требало да се превенира преку транспарентни огласи
- Немање финансиски средства, со што би се аплицирало во повеќе расположиви фондови

Активности за цел 4.2

4.2.1. Тренинзи од доменот на претприемништвото

Ќе се изготват програми за обучување од доменот на претприемништвото и менаџерството за обука на вкупно 120 годишно. При остварувањето на оваа активност се претпоставува дека е можно појавување на незаинтересираност од страна на доброволно невработените лица која би се ублажила со подигање на свеста преку медиумската кампања. Друг ризик кој се очекува да се јави е соочување со наидување на потешкотии

при ангажирањето на стручни предавачи што би се надминало со нивно барање по пат на јавни огласи во повеќе гласила.

4.2.2. e-Learning (странски јазици / информатика со перспектива за проширување на е- учењето и на други видови обуки)

Електронска настава од доменот на странските јазици и информатика. Целта на оваа активност е да го олесни патот до образованието, односно обуките до целната група. Истата ќе се реализира со следните подактивности:Обука за двајца инструктори по странски јазици и двајца инструктори по информатика; Опремување на центар за електронско учење и Организирање е-курсеви за 30 лица (стр. јазици + информатика). Се претпоставува дека и кај оваа активност може да се јави недостаток на средства, кои ќе се надмине со изнаоѓање нови извори извори на средства. Друг можен ризик би бил недоволниот интерес кај квалитетен стручен кадар за електронска настава. За да се надмине овој проблем ќе се пристапи кон мерки за мотивација (како на пр. надградба на нивните капацитети, можност на нудење на своите услуги на глобално ниво...)

4.2.3. Советувања од експерти за старт ап бизниси / Ваучерско советување

Со оваа активност ќе биде понудена помош на целната група за отпочнување сопствен бизнис преку отварање на нова фирма и помош во финансиски средства (опрема). Се претпоставува дека е можна појава на страв кај долгорочно невработените (ILO) за отпочнување на нов бизнис што би се надминала преку медиумска кампања за претприемништво. Недостатокот од ваучери во АППРМ дополнително би ја намалил ефикасноста на оваа активност поради што би се пристапило кон барање нови нови извори за ваучери.

Конкретна цел 4.3: Откривање и поддршка на млади потенцијали / таленти

Ефектите од оваа конкретна цел ќе се постигнат преку формирање на Канцеларија за медијација која ќе посредува помеѓу бизнис секторот, образовни установи и центри за обуки, АВРМ, Центар за вработување Ср и други субјекти инволвирани непосредно или посредно во процесот на вработување со цел изнаоѓање ефикасни начини за вработување / самовработување. Формирањето стипендиски фонд има за цел да го намали одлевањето на млади потенцијали од Општина Струмица, што ќе резултира со првично доделување на четири стипендии.

Можните ризици кои ќе искрснат во процесот на реализација на оваа цел се следните:

- Одлив на „умови“ во странските држави. За да се избегне овој ризик ќе се инсистира на склучување обврзувачки договори со младите стипендисти
- Недоволно финансиски средства. Овој ризик ќе се реши со идентификување на нови донатори.
- Незаинтересираност од бизнис секторот би се ублажила со навремено идентификување на заинтересираните стопанственици.

Активности за цел 4.3

4.3.1. Основање Канцеларија за медијација

Основање канцеларија за медијација помеѓу центри за средно насочено образование, истурените факултети и бизнис секторот како и други субјекти инволвирани во процесот на вработување со цел вклучување на ученици и студенти во деловниот свет, како и млади со средно и високо образование без работно искуство за негово стекнување преку волонтирање и менторирање, медијација при вработување, како и низа други

активности поврзани со изнаоѓање ефикасни начини за вработување. Освен недоволно финансиските средства, при реализацијата на оваа активност се претпоставува дека нема да се јави доволен интерес кај партнерите. За да се надмине ова, партнерите детално ќе бидат запознаени за бенефитите кои ќе ги имаат во иднина од постоењето на канцеларијата.

4.3.2. Волонтирање / стажирање / job shadowing (менторирање) во бизнис секторот

Целта на оваа активност е да им го олесни патот на млади невработени со средно и високо образование (според препораките на ILO) преку волонтирање и стажирање, а целиот процес би се реализирал по пат на менторирање во фирмите, а пак назначените ментори ќе се самоусовршуваат преку процесот на упатување во обврските и задачите на волонтерот во даденото работно место. Можните претпоставки би биле следни:

- Незаинтересираност за прием на волонтери, која би се намалила преку поголема мотивација од страна на канцеларијата за медијација
- Недоволнен ангажман од страна на менторите во процесот на волонтирање поради страв од внатрешна конкуренција, која би требало да се елиминира со влевање сигурност за нивното работно место кај менторите.

4.3.3. Стипендирање од бизнис секторот

Со оваа активност ќе се формира стипендиски фонд за стипендирање на млади потенцијали со цел намалување на одливот на млади потенцијали. Првично се очекува фондот да додели четири стипендии. Во случај на намален интерес од страна на бизнис секторот потребно е тимот да ги идентификува навремено потенцијалните стопанственици кои би стипендирале млади потенцијали.

План за имплементација

Главни засегнати страни и партнери за имплементација

Главни засегнати страни се сите невработени во Општина Струмица, Градоначалникот, Советот на општина Струмица, Партнерството за ЛАПВ: НВО, Агенција за вработување на РМ-Центар за вработување Струмица, Основна синдикална организација, Работнички универзитет, Тренинг Центарот и Регионалната Комора на занаетчии. Покрај главните, партнери за имплементација на планот се засегнати страни – работодавачите, Одделение за ЛЕР при Општина Струмица и други.

За постигнување на целите и реализација на активностите од планот ќе се формира работна група (од партнерството за ЛАПВ) за имплементација на акциониот план. Работната група ќе биде составена од членови на партнерството и тоа за секоја насока по еден управител-менаџер, односно четири менаџери и еден координатор на акциониот план. Управувањето односно контролниот орган на работната група ќе го има Советот на општината и Партнерството за ЛАПВ. Менаџерите ќе соработуваат со членовите на Локалната самоуправа-Општина Струмица, Центарот за вработување-Струмица, Тренинг центарот, НВО и поединци.

Задачи и обврски на членовите од работната група се (основни но не и конечни):

- Детално го(и) формулира активностите за конкретните цели за секоја насока од акциониот план
- Припремаат и следат активности од Акциониот план за секој месец и година поодделно
- Одредува тим за имплементација према Акциониот план

- Координира активности за имплементација на проектите
- Ги одобрува проектите (апликациите) и ги проследува за натамошна селекција и одобрување
- Го известува Партнерството и Советот на општината за активностите од планот(најмалку еднаш годишно)
- Врши мониторинг (следење) на планот за вработување при идентификација, дефинирање и имплементација на проектите и активностите
- Дава контролни мерки (од повратните информации од Советот на општината или Партнерството за ЛАПВ) за секој проект пооделно – при имплементацијата
- Подготвува годишен план на активности до Советот на општина Струмица, Градоначалникот и Партнерството.

Во следните табели детално се прикажани сите активности за секоја цел, со одредени надлежности, приоритети, потребни финансиски средства и време на имплементација, односно табеларен приказ на Акциониот план.

Насока 1	Конкретна цел	Активности	Време за имплементација	Одговорни за имплеменатација	Вкупни трошоци	Приоритет
Да се подобри бизнис опкружувањето во Општина Струмица	Промовирање на локалните МСП и бизнисите	Учество на саемски манифестации	2009-2010	Министерство за Економија -МАП (Македонска асоциација на Преработувачи) -ЛЕР канцеларија -Локални туристички агенции -Здружение – Федерација на фармери -Претставници од работна група за изработка на ЛАПВ	€ 28,500.00	1
		Организирање на трансгранични форуми	2010	АППР-Струмица ЛЕР - Инкубатор-Струмица	€ 4,000.00	2
	Унапредување на општинските услуги во служба на локалните бизниси (е-општина)	Меѓуопштинска и институционална електронска размена на информации за бизнисите и вработувањата, локации за нови фирми и фабрики, цени за изнајмување и продажни цени.	2009–2010	ЗЕЛС, УЈП, ЦР, Завод за статистика, Центар за вработување, Катастар, Одделение за урбанизам	€ 6,300.00	1
		Формирање на КОЛ центар за посредување при вработување	2010	Тренинг Центар-Општина Струмица, Центар за вработување-Струмица, МТСП, НВО	€ 10,700.00	2

Насока 2	Конкретна цел	Активности	Време за имплементација	Одговорни за имплеменатација	Вкупни трошоци	Приоритет
	Зголемување на конкуретноста во земјоделскиот сектор	Воспоставување на кооперантски односи	2009	ЛЕР - Земјоделци - Откупувачи Преработувачи	€ 3,500.00	1
		Информирање на земјоделците за ИПАРД фондови	2009-2010	ЛЕР – ЕУ проект за ИПАРД МЗШВ - Агенција за потикнување и развој на земјоделие	€ 1,500.00	1
	Поддршка при отворање на МСП и занаетчии во руралните средини	Создавање поволни услови за претприемништво и отворање бизнис	2009	- Регионален центар на АППРМ - Инкубатор ЛЕР – ЕУ – ИПАРД програма	€ 8,300.00	1
		Афирмација на занаети специфични во рурални средини	2009	- Фондација за развој на МСП - Инкубатор - Регионална комора на занаетчии	€ 9,000.00	1
		Поддршка на развојот на рурален туризам	2010	Месни заедници - НВО - Туристички организации/агенции - Министерство за економија	€ 14,500.00	2

Насока 3	Конкретна цел	Активности	Време за имплементација	Одговорни за имплеменатација	Вкупни трошоци	Приоритет
